## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,47часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 18-та седница на Собранието на Република Македонија.

Оред да преминеме по точките од дневниот ред предлагам согласно член 78 став 2 од деловникот на Собранието на Република Македонија да се изврши измена на редоследот на точките од дневниот ред. Притоа прво да се разгледа точката 26, а потоа да се разгледа точката 25.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Пред да преминеме понатаму сакам да ви укажам дека е прифатен предлогот прво да се разгледа точката 26, а пота да се разгледа точката 25 од дневниот ред.

Процедуално за збор се јави господин Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Благодарам почитуван претседателе.

Мислам дека направивте процедурално прекршување со тоа што не информиравте дека по претходниот закон треба да се гласа по Бадинтер врз основа на амандман 10 од Уставот на Република Македонија. Затоа барам да се отстрани овоа процедурално прекршување со гласањето претходниот закон.

**Трајко Вељаноски:** Согласно укажувањето од страна на Стручнта служба јас кога ја прочитав точката 36 не прочитав дека се гласа согласно Бадинтер.

Јас укажав дека се гласа по Предлогот на законот за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен и не прочитав дека гласњето е согласно Бадинтер, затоа што така е укажувањето од страна на Службата, дека не е согласно Бадинтер.

За да се надмине оваа ситуација предлагам координација од 10 минути.

Продолжуваме со работа во 14,00 часот, но ве известувам дека ќе продолжиме со работа во 15,00 часот затоа што од 14,00 часот до 15,00 часот имаме пауза за ручек.

Значи продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,44 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по осумнаесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Претходно изгласавем да има пометување по точКите од дневниот ред.

**Преминуваме на точка 26 - Предлог за донесување на законот за Јавното обинителство со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 30 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отварам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

За збор се пријавени госпоѓа Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Роза Топузова-Каревска и Емилијан Станковиќ.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Бидејќи вие од парламентарното мнозинство знаевте и бевте современици на донесување на основниот текст на Законот за Јавно обвинителство, тоа беше во декември минатата година, што значи дека имаме неполна или половина година од донесувањето на Законот за јавно обинителство со кој што всушност продолживме со реформите во судството и во делот кој што се однесуваше на Јавнот обвинителство како орган кој што е во правосудниот систем. Тогаш, почитувани колеги, знаете дека еден од законите покрај мноштвото други закони кој што беше предмет на лидерските средби беше и Законот за Јавно обвинителство.

Неполни 6 месеци по донесувањето на овој закон за кој што тогаш се согласија наголемите..

Претседателе мислам дека малку ред..

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам и јас.

Ги молам пратениците да ја сослушаме колешката, ги молам за малку тишина.

**Цветанка Иванова:** Јас знам кога е на власт човек не го интересира ништо освен власта, но добро е малку и да послушувате некој збор што кажуваме.

Значи тогаш го донесовме Законот, во декември 2007 година, го донесовме Законот за Јавно обвинителство и тогаш сите се согласивме, вклучително претставници на ВМРО ДПМНЕ, на ДУИ, на ДПА, на СДСМ дека е тоа е постигнатото крајно решение или тие се постигнатите крајни решенија по Законот за Јавно Обинителство.

Сега 6 месеци по донесувањето на овој Закон ни се случува измена и дополнување на Законот односно изменување на Законот за Јавно обвинителство, изменување во делот кој што се однесува на условите за избор на јавни обвинители на Република Македонија, почнувајќи од Основно Јавно обвинителство па до Јавен обвинител на Република Македонија. И верувајте почитувани колеги, немаше да дебатирам ако се согласував пред се со овие решенија, но иако не учествував на тие лидерски средби за да знам дека и тогаш ДУИ ги имаше истите забелешки на Законот за Јавно обвинителство и бидејќи на тие лидерски средби не беа прифатени, повторно од владејачкото мнозинство сега, тоа е ВМРО ДПМНЕ, а тогаш да потсетам ДУИ беше во опозиција, Законот отиде со тие решенија.

ДУИ доследна на своите барања си поднесе амандмани на Законот за Јавно обвинителство и еве ги тие амандмани. Тие амандмани се истите измени кои што сега ги имаме во Законот за Јавно обвинителство. Тогаш, при амандманската расправа по Законот за Јавно обвинителство, амандманите на тогашната ДУИ во опозиција, не беа прифатени и се донесе законот, за да по парламентарните вонредни избори кога ДУИ стана власт или стана коалиционен партнер на ВМРО ДПМНЕ, истите овие амандмани и барања на ДУИ се преточни сега во предлог изменување на Законот за Јавно обвинителство.

Се прашувам што е она што го сменило мислењето на ВМРО ДПМНЕ сега, што она што тогаш било неприфатливо за ВМРО ДПМНЕ, а сега се прифаќа и станува законска одредба. Мене ми е жал што овдека не е министерот за правда, не заради тоа што не го почитувам заменикот министер, туку заради тоа што министерот за правда учествуваше на сите овие разговори. Тогаш тој беше критичар на барањата, да не речам остар заради тоа што се разжесточи на Комисијата заради употребениот термин, но тогаш тој беше критичар на овие барања на ДУИ. Се прашувам дали неговото денешно отсуство значи дека не може овде да ја издржи дебата, дека го променил сопствениот став или навистина има некој оправдани работи. Ова е, почутувани колеги, документирано како политиката полека но сигурно навлегува и во Јавното обвинителство, како политичките договори се претвараат во закони и тоа во системски закони, како политичките договори стануваат закон и тоа закон Законот за Јавно обвинителство, каде што пред Европската унија велиме дека правиме реформи, реформите се во правец на независнот и јакнење на капацитетите на Јавното обвинителство. Тоа за мене не е јакнење на капацитетот на Јавното обвинителство. Тоа за мене е повторно Јавното обвинителство фрлено во водите на политиката. Верувајте, тоа нема да ни донесе позитивен сигнал пред Европската унија, пред Комисијата која набрзо ќе изготвува извештај за напредокот на Република Македонија, влкучително и за напредокот на реформите во судскиот систем и реформите во Јавното обвинителство.

Почитувани колеги, јас имам сериозни забелешки околу предложените решенија. Заради јавноста сакам да кажам дека со овие измени се менуваат или се намалуваат критериумите по кои кандидат може да биде избран човек или правник за јавен обвинител на Република Македонија и вклучително во хиерархијата надолу до основен јавен обвинител.

За ралика од старото решение каде за Јавен обвинител на Република Македонија можеше да биде избрано лица кое има работно искуство најмалку 10 години стаж како Јавен оБвинител, со потврдени резултати во работата, или 12 години искуство после полагањето на правосудниот испит, сега во поглед на искуството, за да се биде Јавен обвинител на Република Македонија е довонло да се има 8 години по полагањето на правосудниот испит и ништо не е чудно ваквото барање.

Јас ги ценам заложбите на ДУИ, во Јавното обвинителство да им претставници на помалите етничКи заедници. Знам дека можеби нема доволнио стручен кадар, но верувајте, Јавен обвинител на Република Македонија е едно лице. Може кај сите припадници на етничките заедници да се најде едно лице кое ги исполнува старите услови.

Јас исто така сум, како што вели предлгачот, за млади и способни стручни кадри во Јавното обвинителство на Република Македонија. може млади способни кадри, но во Основното јавно обвинителство, таму каде што ќе го печат занаетот, таму каде што ќе го усовршат своето стручно знаење и оттука по систем на унапредување ќе одат и до јавни обвинители на Република Македонија.

Не може со новото решение да се предлага за Јавен обвинител, за гонење на организиран криминал, условот од 6 години работно искуство, по полагањето на правосудниот испит, да се намали на 4. Верувајте ова е софистициран криминал. Овде, се бараат лица кои што навистина ќе бидат доволно стручно оспособени за да можат да влезат во штосот, за да можат навистина со успех да ги гонат сторителите на организираниот криминал. Вака со овие услови, повторно за мене овие решенија значат мешање на политиката во една институција која што сака своја независност и јакнење на своите капацитети. Ова значи повторно избор, особено на Јавни обвинители и бвинители за прогон на организираниот криминал кои што се партиски послушници и овие решенија за мене значат политички договор меѓу коалиционите партнери кои што за волја на вистината овие денови очигледно е дека нешто не им штима, еве и со претходниот закон, начинот на донесување на Законот. Ова е уште еднаш создавање на законски основ за избор на свои партиски послушници. Такво нешто во Јавното обвинителство не смееме да дозволиме, ако сакаме навистина Јавното обвинителство да биде подготвено да си ги извршува своите

надлежности кои што му се со Уставот и со законот утврдени.

Почитувани колеги, јас во оваа насока, бидејќи сум доследна и тогаш и сега, и тогаш го имав истиот став, повторно повторувам, не сум за намалување на условот за избор на основен јавен обвинител. Значи од старото решение од 5 години да биде 3 години по полагањето на правосудниот испит. Со ваквото решение ќе овозможиме влез на млади стручни кадри. Со ваквото решение можеме да обезбедиме и влез на припадниците на помалите етнички заедници, но со решенијата кои се однесуваат на Јавен обвинител за орагинизиран криминал и на Јавен обвинител на Република Македонија сметам дека се врши удар врз институцијата, сметам дека е политизација на институцијата и пратеничката група на СДСМ нема да го подржи донесувањето на овој закон затоа што сметаме за 6 месеци да се има една аргументација и за само 6 месеци таа аргументација да биде променета не е доследност во сопствените ставови, особено за ваква важна институција.

Имам поднесено два амандмани. Доколку парламентарното мнозинство одлучи да ги подржи овие два амандмани, а повторно нагласувам се однесуваат на условите за избор на Јавен обвинител на Република Македонија и за избор Јавен обвинител за орагинизиран криминал, спремни сме како пратеничка група да ги подржиме овие измени. Но доколку измените останат вакви какви што се и не бидат прифатени амандманите, аргументацијата ви ја кажав која е, ние како пратеничка група верувајте ќе гласаме против и секогаш ќе постои во нашите мисли, како и на јавноста дека си играме си институциите на системот, си играме особено со институции во чија што рака пред се и над се нашата слобода, слободата на граѓаните. Тие одлучуваат за нашата слобода, за нашите движења итн.

Затоа уште еднаш, оваа дебата ми беше со две цели. Првата да и објаснам на јавноста што се случува кога некој е во опозиција и на власт со системски закони. Втората моја цел беше да ја изнесам мојата аргументација и да го убедам парламентарното мнозинство дека треба да ги подржат двата амандмани затоа што навистина нанесуваме штета на Јавното обвинителство и доколку тие амандмани бидат прифатени ние сме поготвени да го подржиме донесувањето на измените на овој закон и со овие два амандмани може да се постигне целта за што се пристапило кон измена на овој закон, а тоа е влез на млади стручни кадри и влез на припадници на етничките заедници, без да виси ви воздух мислењето дека тоа се прави од политички побуди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека има закажано Комисија за надворешна политика во 17,00 часот и врз основа на договореното со координаторите на пратеничките групи, со оглед на барањето дека пратениците сакаат да учествуваат во работата на Комисијата за надворешна политика, ја прекинувам седницата. Со истата седница продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)